Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 01-44/1
27.01. 2026 год.
В е л е с

САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ГРАДИНКА И ИЗВЕШТАЈ ОД РАЗВОЈНИОТ ПЛАН 2021-2025

Самоевалуацијата на градинката се изработува со цел да се направи детален преглед и анализа на работењето на градинката, напредокот и постигнувањата во изминатиот период. Од анализите стануваат видливи силните страни и квалитетите, како и слабостите и можностите за напредок. Дефинирањето на силните и слабите страни во работата е основа за планирање на идните чекори и мерки за подобрување на квалитетот во работата на градинката, кои детално ќе бидат разработени во развојниот план на градинката. Самоевалуацијата ја дава општата насока во која треба да се ангажираат учесниците во воспитно-образовниот процес, увид во расположливите капацитети, како и преглед на приоритетните области во кои треба да се делува за да се оствари крајната цел. Заедничка цел на сите субјекти во градинката е да се работи на отстранување на недостатоците, намалување на бројот на слаби страни како и задржување и зајакнување на силните страни и квалитетите.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНА: „ ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ “

Главна цел на ова подрачје на промени е унапредување на квалитетот на годишниот план за работа.

Од спроведеното истражување помеѓу родителите и вработените се констатира дека годишната програма се реализира во согласност со Програмата на рано учење и развој и согласно Стандардите за рано учење и развој. Истата ги обединува здравствената и социјалната заштита, овозможува интелектуални стимулации, давање можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социо-емоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остварат своите потенцијали.

Силни страни:

Јасно дефинирани цели и активности.

Интегриран пристап во реализацијата на содржините.

Слаби страни:

Недоволна подготвеност на вработените за прилагодување на програмата кон индивидуалните потреби на децата.

Приоритет:

Подобра диференцијација на активностите според индивидуалните потреби на децата.

ОБЛАСТ ЗА ПРОМЕНА: ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ

Главна цел на ова подрачје на промени е унапредување на квалитетот на процесот на згрижување и воспитание преку планирање и реализација на непосредна работа со децата.

Од спроведеното истражување се констатира дека 80,3 % од анкетираните родители и 84,6 % од воспитно-згрижувачки кадар сметаат дека планирањето на воспитната работа е во склад со развојните законитости на децата, нивните желби и интереси. 87% од вработените користат различни и современи методи и форми на работа.

Силни страни:

Топла и поддржувачка атмосфера.

Почитување на дневниот ритам на децата.

Развивање на социјални и емоционални вештини кај децата.

Приоритет:

Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНА: ДЕТСКИ РАЗВОЈ И НАПРЕДОК

Главна цел на ова подрачје е напредување на следењето и документирање на детскиот развој и напредок. 91% од вработените редовно го пополнуваат развојното досие на децата, а 73,1% од нив користат разни техники и чек листи при следење на детскиот развој.

Силни страни:

Редовно следење и евидентирање на целокупниот развој на детето (физички, когнитивен, социо-емоционален и јазичен) преку систематско набљудување и документација.

Индивидуален пристап кон децата.

Слаба страна:

Недоволна информираност на некои родители за напредокот на нивните деца.

Непостоење на стандардизирани тестови за проценка на детскиот развој.

Приоритет:

Развивање елементарна способност за самовреднување кај децата.

Подобро информирање на родителите за напредокот кај децата.

Обезбедување на стандардизирани тестови за проценка на детскиот развој од страна на стручните работници.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНА: ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА И СЕМЕЈСТВОТО

Главна цел на ова подрачје на промени е унапредување на соработката со семејството како и зголемување на мотивираноста на родителите за учество во работата на установата. Од спроведената анкета помеѓу родителите и вработените може да се констатира дека 80,3% од родителите и 83,3% од вработените сметаат дека родителите се вклучени во активностите на градинката. 91% од вработените и 93,1% од родителите сметаат дека градинката ги промовира семејните вредности.

Силни страни:

Партнерски однос со родителите.

Отворена комуникација со родителите.

Големо вклучување на родителите во активностите на градинката.

Приоритет:

Поголем број едукативни работилници за родители.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНА: ЕТОС

Главна цел на ова подрачје е унапредување на стручната способност на воспитно-згрижувачкиот кадар и стручните работници и соработници низ реализација и посетување обуки од повеќе области како и соработка со локалната заедница. 82% од вработените имаат посетено обуки но и понатаму постои потреба и желба за стручно усовршување. Соработката со локалната заедница е на високо ниво и преку разни јавни и културни настани градинката ги вклучува децата во јавни и културни настани.

Силни страни:

Желба за стручно усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Отвореност на градинката за соработка со локалната самоуправа и други институции.

Во градинката се негува позитивна, инклузивна клима, заснована на меѓусебна доверба и тимска работа.

Приоритет:

Континуирано стручно усовршување на вработените.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНИ: РЕСУРСИ

Главна цел на ова подрачје е обезбедување на средства и подобрување на условите за развој и учење на децата низ адаптација на просторот и набавка на играчки, дидактички материјали и опрема. Од предвидените активности во развојниот план 2021-2025 до сега се реализирани следните задачи:

Изработени се сензорни табли во сите објекти, опремени се 2 snoezelen соби, континуирано се набавува игровен и дидактички материјал, поставен е ламинатен во дел од просториите во објект 1 „Маргаритки", поставени се ПВЦ врати и реконструирани се тоалетите во Објект 3, реконструиран е партерот во објект 5 „Ѕвездички".

Силни страни:

Обезбедени материјално-технички услови усогласени со стандардите за рано учење и развој.

Стимулативен амбиент за игра и учење.

Континуирана реконструкција и санација на објектите.

Слаба страна:

Недоволен број на воспитно згрижувачки кадар.

Голем број на деца во групите.

Приоритети:

Обезбедување на соодветен кадар според потребите на градинката.

Подобрување на просторните услови во градинката.

Збогатување на дидактички и игровен материјал.

ОБЛАСТ НА ПРОМЕНИ: РАКОВОДЕЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Главна цел на ова подрачје е унапредување на квалитетот на орагнизацијата на работата, следење на реализацијата на активностите од развојниот план во текот на годината. Од спроведеното истражување се заклучува дека раководството обезбедува поддршка и насоки за квалитетно функционирање на установата.

Силни страни:

Јасна визија и мисија.

Добра координација на работата во детската градинка.

Поддршка на професионалниот развој на вработените.

Поттикнување на тимската работа, посветеност и морал во работата.

Приоритет:

Јасна организациска структура и распределба на одговорности.

Поддршка на квалитет и развој на установата.



Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-75/6
09.02. 2026 год.
В е л е с

Врз основа на член 25 алинеа 16 од Статутот и член 174 ст.3 од Законот за заштита на децата (Консолидиран текст)*, Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца- Детска градинка " Димче Мирчев " – Велес на својата седница одржана на ден 09.02.2026година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на самоевалуацијата на градинката

" Димче Мирчев " – Велес и извештај од Развојниот план

за 2021-2025 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА самоевалуацијата на Општинската јавна установа за деца- Детска градинка " Димче Мирчев " –Велес и извештај од Развојниот план за периодот 2021 до 2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е самоевалуацијата на градинката" Димче Мирчев " – Велес и извештај од Развојниот план за 2021-2025 година

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Општинска јавна установа Детска градинка "Димче Мирчев" Република Северна Македонија Велес

Претседател на управен одбор

Тања Ангеловска

Доставено до:

- МСПДМ
- архива